Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителите --------- -------------- и ------- ------------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 11.12.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата со бр. 12 - 4914/1 од 21.10.2019 година доставена од подносителите --------- -------------- и ------- ------------, како претставници на оштетени акционери на АД „--------" Радовиш, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12 – 4914 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 4914/1 од 21.10.2019 година.

Предметот со број 12 - 4914 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 4914 од 2019 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12 - 4914/1 од 21.10.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), од подносителот --------- -------------- и ------- ------------, како претставници на оштетени акционери на АД „--------" Радовиш.

Во доставената пријава изнесени се наводи за незадоволство/поплака во врска со предметот ОК.бр.54/09 кој се водел во Основен суд Скопје 2 во судски процес кој започнал во 2009 година против лицето --------- ------------- и други лица поради криминал сторен во фирмата АД „---------" Радовиш и се бара ДКСК да провери зошто се одлагало донесувањето на судската пресуда од страна на надлежниот суд..

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и го констатира следното:

Во доставената пријава се наведува дека доказната постапка по предметот била целосно завршена и се чекало само на донесувањето на пресудата, но истото постојано се одлагало а не се знаела причината за одлагањето. Подносителите на пријавата се заинтересирани и инволвирани оштетени страни како поранешни вработени во наведеното АД и информираат дека објектите на наведената фирма

се уште работеле и се користеле и злоупотребувале од наведеното лице и неговиот син, на штета на вработените како акционери и на државата .

Во врска со предметниот случај има Пресуда од 65 страници, донесена од Основен суд Скопје 1 на ден 28.01.2016 година, со број II КОК. Бр.---/---, постапувајќи по обвинителен акт покренат од страна на ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција Скопје во предмет број КО. Бр. ---/---- од 10.09.2009 година за сторено кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување и перење на пари и други приноси против лицата --------- --------------, ---------- --------------- , двајцата од Радовиш како одговорни лица на фирмата АД „----------" Радовиш и лицето -------- ------------ судија во Основен суд --------.

Со наведената пресуда обвинетите лица биле прогласени за виновни, поради искористување на својата положба и овластување на одговорни лица и содружници на АД и потпомогнати од обинетиот судија кој донел решение со намера да на противправен начин го присвојат целокупниот имот на наведеното акционерско друштво, на штета на останатите акционери – Фондот за ПИОМ како имател на 3.150 приоритетни акции и други акционери - оштетени физички лица иматели на вкупно 755 обични акции, меѓу кои и на двајцата подносители на пријавата. Обвинетите лица биле осудени на условна осуда со утврдена казна затвор ( по една година и три за судијата) и биле задолжени солидарно да го надоместат износот на оштетените лица: Фонд за ПИОМ и физичките лица во рок од три месеци по правосилноста на пресудата, а доколку тоа не го сторат утврдените казни затвор да се извршат. Исто така Судот, од обвинетите лица -------- и ---------- ------------ , го одзела имотот – хотел ------------ во Радовиш, како недвижен имот прибавен со казниво дело.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека не се потврдени предметните наводи по однос на тоа дека не била донесена пресуда а во конкретниот случај било постапено од надлежен орган - Основен суд Скопје I кој на 28.01.2016 година донел пресуда со која обвинетите лица биле прогласени за виновни и истите биле задолжени да ги намират оштетените доверители, меѓу кои биле и подносителите на пријавата, а воедно од страна на Судот бил одземен и имот/хотел од обвинетите лица како имот кој бил прибавен со казниво дело. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба , ДКСК оцени дека нема елементи за свое надлежно постапување во предметниот случај, доставената пријава се отфрла, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 11 декември 2020 година под бр. 12- 4914/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК: Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk